# Службен гласник

## на Општина Кавадарци


| Број 7 | 10.02.2022 година |
|---|---|


СОДРЖИНА


| | | |
|---|---|---|
| Решение за објавување на Заклучокот за усвојување на Програмата за одбележување на празникот на лозарите „Св. Трифун 2022“ | **3** | |
| Заклучокот за усвојување на Програмата за одбележување на празникот на лозарите „Св. Трифун 2022“ | **3** | |
| Решение за објавување на Програмата за заштита од штетно дејство на водите | **5** | |
| Програмата за заштита од штетно дејство на водите | **5** | |
| Решение за објавување на Програмата за дефинирање граници на ерозивни подрачја на територијата на Општина Кавадарци | **10** | |
| Програмата за дефинирање граници на ерозивни подрачја на територијата на Општина Кавадарци | **10** | |
| Решение за објавување на План за пошумување 2022-2025 | **18** | |
| План за пошумување 2022-2025 | **18** | |
| Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Годишниот Извештај за состојбата со животната средина за 2021 година | **21** | |
| Заклучок за усвојување на Годишниот Извештај за состојбата со животната средина за 2021 година | **22** | |
| Решение за објавување на Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат | **22** | |

| | |
|---|---|
| Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат | **23** |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.20/21 поведен пред Основен суд Кавадарци | **24** |
| Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.20/21 поведен пред Основен суд Кавадарци | **25** |
| Решение за објавување на Одлука за примање донација (извршување на градежни работи на патот с.Ресава до Тиквешко Езеро) од Друштво за производство, трговија и услуги “КОЖУВЧАНКА” ДОО увоз-извоз Кавадарци | **26** |
| Одлука за примање донација (извршување на градежни работи на патот с.Ресава до Тиквешко Езеро) од Друштво за производство, трговија и услуги “КОЖУВЧАНКА” ДОО увоз-извоз Кавадарци | **27** |
| Решение за објавување на Одлука за сопствено учество на општина Кавадарци-Локална самоуправа, во реализација на проектот „Воспоставување на Советувалишен центар за помош и поддршка на жртви на родово базирано и семејно насилство“ | **28** |
| Одлука за сопствено учество на општина Кавадарци-Локална самоуправа, во реализација на проектот „Воспоставување на Советувалишен центар за помош и поддршка на жртви на родово базирано и семејно насилство“ | **28** |
| Решение за објавување на Одлука одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година | **29** |
| Одлука одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година | **30** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20 и 75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на**
**Заклучокот за усвојување на Програмата за одбележување на празникот на лозарите „Св. Трифун 2022"**

1. СЕ ОБЈАВУВА Заклучокот за усвојување на Програмата за одбележување на празникот на лозарите „Св. Трифун 2022", донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 09.02.2022 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-1131/1** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**10.02.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/02), член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/05...75/21), расправајќи по Програмата за одбележување на празникот на лозарите „Св. Трифун 2022", доставена од Иноватива Груп ДОО Скопје ,

Советот на Општина Кавадарци на 7-та седница одржана на ден 09.02.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

1. СЕ УСВОЈУВА Програмата за одбележување на празникот на лозарите „Св. Трифун 2022" со арх.бр. 08-852/1 од 03.02.2022 година, доставена од Иноватива Груп ДОО Скопје.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник" на Општина Кавадарци .

**Бр.08-821/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**09.02.2022 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
КАВАДАРЦИ

| Примено: 03 -02- 2022 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.един. | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 852/1 | | |

# ПРОГРАМА

## За одбележување на Празникот на лозарите

## *„Св. Трифун 2022"*

## ВОВЕД

Со надеж дека Општина Кавадарци оваа година, 2022-ра, ќе ја продолжи традицијата на одбележување на **Св. Трифун, празникот на лозарите и винарите од Тиквешијата,** Ви доставуваме Програма за одбележување на истиот.

**Св. Трифун** се смета за заштитник на полските посеци, лозата и градините, па лозарите и винарите го слават како свој патрон кога и ги закројуваат лозите и ги залеваат со црвено Тиквешко вино посакувајќи си плодна и бериќетна година.

Поради симболиката на овој ден, преку планираните активности за одбележување на празникот, компанијата **ИНОВАТИВА ГРУП ДОО** во соработка со локалните културни институции и Општината Кавадарци планираат да реализираат содржински настани со тематски пригоди за одбележување на овој празник, поврзан со градот Кавадарци.

На самиот ден, 14-ти февруари се дава акцент на закројувањето на виновата лоза и отпочнување на лозарските работи, а со тоа и зачувување и негување на традициите и обичаите типични за тиквешкиот лозаро-винарски регион.

За декоративното уредување на Градскиот плоштад ќе се изврши поставување на монтажни елементи кои ќе служат за презентација на Тиквешка традиционална храна како и вино, ракија, маџун и останато, кои ќе придонесат за целокупната атмосфера.

## ИДЕЈА

Идејата за овој настан потекнува од овој голем празник, специфичен за регионот- Св.Трифун.

Затоа, сакаме да дадеме акцент на традицијата, претставувајќи ги традиционалните суштини за време целиот ден и вечер, но и да ги соединиме сите генрации со музички настан за забава и дружење во време вечерните часови.

Локацијата на овој настан, на самиот, главен ден- 14-ти февруари е Градскиот плоштад во Кавадарци, кој според идејата ќе претставува едно катче за сите генерации, во духот на празникот Св.Трифун.

Scanned with CamScanner

# СОДРЖИНА

**Во содржината на програмата ќе бидат застапени: Културно-уметничка програма, дегустација и промоција на вино, ракија и традиционална храна, како и церемонија на закројување на лозов насад.**

**И тоа:**

1. **Главен, централен настап вечерта на НЕКСТ ТАЈМ со своите уникатни преработки на народни песни, спојувајќи ги традицијата и музиката во сплет на настан за сите генерации. Пред нив, како локална поддршка ќе настапи Сара Камчева.**
2. **Претставување на пијалаци и храна во духот на празникот преку ден,**
3. **Настап на фолклорни друштва и чалгија бенд преку ден,**
4. **Традиционално закројување на лозов насад од страна на Градоначалникот на Општина Кавадарци и Свештени лица.**

***Поради тоа што Св.Трифун оваа година е во понеделник, за поголема посета на традиционалните, изложбени места со пијалаци и храна предлагаме истите да бидат поставени и во функција и ден претходно, во недела, на 13.02.2022 година.***

***Целиот настан ќе биде снимен и потоа измонтиран во Промотивно видео.**

## СВЕТИ ТРИФУН 2022 - ПРЕДЛОГ ДЕТАЛЕН ОПИС НА ПРОГРАМА

### НЕДЕЛА 13.02.2022

**10:00h - 18:00h - Промоција и дегустација**

- Поставени декоративни, изложбени куќарки за промоција на храна и пијалаци во духот на прзникот. Дегустација на домашно Вино и Ракија, Маџун и Гроздов сок и Дегустација на традиционални јадења.

**12:00h - 14:00h - Закуска со маџун**

- Вешти жени од Кавадарци со спремна закуска за посетителите- Пишији со маџун и сирење. *музика на разглас за време целиот ден и Водител за најава на настанот и претставување на присутните Винарии.

CS Scanned with CamScanner

## ПОНЕДЕЛНИК 14.02.2022

**10:00h - 12:00h - Закуска со мацун**

- Вешти жени од Кавадарци со спремна закуска за посетителите- Пишији со мацун и сирење.

**12:00h - Коктел во Општина Кавадарци**

**13:00h** - **Традиционалното закројување на Виновата лоза**- Поставени аранжерии со винова лоза, пред самата бина. **Говор на Градоначалникот на Општина Кавадарци м-р Митко Јанчев**

**13:30h - Чалгија бенд - Аце Dream team и Чуле**

**14:30h - Настап на Фолклорен ансамбл Тиквеш Кавадарци**

**20:00h - Сара Камчева**

**21:30h - НЕКСТ ТАЈМ**

**23:00h - Крај на настанот**

Оваа програма е предложена со цел овој празник да биде прославен и запаметен како и што заслужува!

Останувaме со почит кон Вас и Вашите традиции,

**Тимот на ИНОВАТИВА ГРУП**

Друштво за маркетинг ИНОВАТИВА ГРУП Скопје

Scanned with CamScanner

**INOVATIVA**
advertising & entertainment

**Детален Финансиски Извештај**

**Проект:** Општина Кавадарци- Св.Трифун
**Датум:** февруари 2022
**Валута:** DEN/EUR

| Бр. | Опис | Количина | Единечна цена | За наплата | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Поставување на 8 монтажни древени кућарки. Монтажа и демонтажа, како и изнајмување за 3 дена(1 ден за поставување на излагачите) | 1 | 160000 | 160,000 ден. | 2,602 € |
| 2 | Набавка на материјали и Подготовка на храна Вешти жени | 2 | 16667 | 33,334 ден. | 542 € |
| 3 | Непредвидени трошоци 13.02.2022 | 1 | 6000 | 6,000 ден. | 98 € |
| 4 | Чалгија, Локален Бенд – Аце Dream team и Чуле | 1 | 16667 | 16,667 ден. | 271 € |
| 5 | Бина брендинг, озвучување и осветлување, монтажа и демонтажа(2 дена и 2 за монтажа и демонтажа) | 1 | 110170 | 110,170 ден. | 1,791 € |
| 6 | Сместување, храна артисити и организација | 10 | 5000 | 50,000 ден. | 813 € |
| 7 | Обезбедување | 5 | 4000 | 20,000 ден. | 325 € |
| 8 | Локална поддршка, луѓе | 2 | 6667 | 13,334 ден. | 217 € |
| 9 | Фотографирање на 2 дена настан | 1 | 12700 | 12,700 ден. | 207 € |
| 10 | Снимање, монтажа и видео 2 дена настан | 1 | 22222 | 22,222 ден. | 361 € |
| 11 | Некст Тајм Бенд | 1 | 184443 | 184,443 ден. | 2,999 € |
| 12 | Локален Бенд – Сара Камчева | 1 | 22222 | 22,222 ден. | 361 € |
| 13 | Водител 13ти 14ти февруари | 2 | 10000 | 20,000 ден. | 325 € |
| 14 | Закројување трошоци | 1 | 6667 | 6,667 ден. | 108 € |
| 15 | Печатење на покани | 1 | 9800 | 9,800 ден. | 159 € |
| 16 | Спроведување на струја и брза помош | 1 | 58000 | 58,000 ден. | 943 € |
| 17 | Огради за пред бина, превоз, монтажа и демонтажа | 1 | 20000 | 20,000 ден. | 325 € |
| 18 | Организациски трошоци | 1 | 9000 | 9,000 ден. | 146 € |
| 19 | Хонорари за Ивент менаџер, Стејџ менаџер и Бекстејџ менаџер | 3 | 20000 | 60,000 ден. | 976 € |
| 20 | Репрезентативни подарци | 1 | 33898 | 33,898 ден. | 551 € |
| 21 | Непредвидени трошоци 14.02.2022 | 1 | 9000 | 9,000 ден. | 146 € |
| 21 | Дизајн за печатени материјали, социјални објави, подготовка на ПР, водење на маркетинг и целосна Организација – 10% агенциска провизија | 1 | 1 | 89,946 ден. | 1,463 € |
| | ТОТАЛ: | | | 967,403.00 ден. | 15,730 € |
| | ДДВ: | | | 174,132.54 ден. | 2,831 € |
| | ВКУПНО: | | | 1,141,535.54 ден. | 18,562 € |

Друштво за маркетинг услуги ИНОВАТИВА ГРУП ДОО Скопје

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20 и 75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на**
**Програмата за заштита од штетно дејство на водите**

1. СЕ ОБЈАВУВА Програмата за заштита од штетно дејство на водите, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 09.02.2022 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци,, .

| | |
|---|---|
| **Бр.09-1131/2** | **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ** |
| **10.02.2022 година** | **ГРАДОНАЧАЛНИК,** |
| **Кавадарци** | **м-р Митко Јанчев** |

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ бр.05/02), а во врска со член 122, 123 и 124 од Закон за водите (Службен Весник на Р.М. бр. 87/08....52/16), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 7-та седница одржана на ден 09.02.2022 година, донесе

**ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА ОД ШТЕТНО ДЕЈСТВО НА ВОДИТЕ**

**(Општински Акционен план за чистење на природни водотеци и речни корита за 2022 година)**

Член 1

Заштитата од штетното дејство на водите опфаќа активности и мерки за заштита и одбрана од поплави, заштита од ерозија и порои, одбрана од замрзнување на површинските водни тела, како и отстранување на последиците од таквите штетни дејствија на водите.

Член 2

Како можни жаришта за поплавување на населени места како и земјоделско земјиште во Општина Кавадарци од природни водотеци на кои е потребна интервенција за заштита од поплавување се наведуваат следните водотеци и реки кои преку овој акциски план се предвидуваат за чистење:

**Преглед на долови и поројници кои се влеваат во урбаниот дел на течението на река Луда Мара**

| Ред бр | Дол или поројница | Површина и должина на долот | Загрозеност | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Објекти | Инфраструктура | Земјиште |
| 1 | Безимен дол кај Ваташа (бел камен) | Fсл. = 45.0 ха L = 370.0 m | 5 | 1 улица | 0,1 ха |
| 2 | Желков дол | Fсл. = 89.0 ха L = 1500.0 m | 10 | 2 улици 1 мост | 0,2 ха |
| 3 | Кавадаречки дол | Fсл. = 121.0 ха L = 2500.0 m | 10 | 2 улици Подземниот одвод | 0,2 ха |
| 4 | Меснос „УШИ“ Меснос „Вршникот“ | Fсл. = 162.0 ха L = 4100.0 m | 15 | 1 улица | 0,3 ха |
| 5 | Журов дол | Fсл. = 61.0 ха L = 760.0 m | 3 | | 0,2 ха |
| 6 | Калнички дол | Fсл. = 134.0 ха L = 840.0 m | 10 | 1 улица | 0,2 ха |
| 7 | Димков дол | Fсл. = 59.0 ха L = 2110.0 m | / | / | 0,2 ха |
| 8 | Дисански | Fсл. = | / | / | 0,1 ха |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | пат | 64.0 ха L = 2400.0 m | | | |
| 9 | Думовички дол | Fсл. = 55.0 ха L = 2800.0 m | 5 | 2 улици | 0,2 ха |
| 10 | Глишиќ | Fсл. = 9.0 ха L = 1500.0 m | 5 | 2 улици | 0,1 ха |

**Чистење на природни водотеци и речни корита на реките Бошавица, Луда Мара, Црна река и Овчка река**

| **Ред. Бр.** | **Река-опсег на поплавата** | **Населено место** | **Земјиште** |
|---|---|---|---|
| 1 | Река Бошавица | -Конопиште<br>-Долна Бошава<br>-Крњево | 20 ха<br>23 ха<br>4,6 ха |
| 2 | Река Луда мара | -Ваташа<br>-Град Кавадарци<br>-Глишиќ<br>-Марена<br>-Сопот | 12 ха<br>25 ха<br>30 ха<br>20 ха<br>10 ха |
| 3 | Црна река | -Дреново<br>-Возарци<br>-Шивец | 25 ха<br>35 ха<br>30 ха |
| 4 | Овчка река | -Марена | 20 ха |

Член 3

Како можни жаришта во Општина Кавадарци од природни водотеци на кои е потребна интервенција за заштита од поплавување за **2022 година** се наведуваат следните пороjници и реки:

| Ред бр | Дол или поројница | Површина и должина на долот | Загрозеност | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Објекти | Инфраструктура | Земјиште |
| 1 | Желков дол | Fсл. = 89.0 ха<br>L = 1500.0 m | 10 | 2 улици<br>1 мост | 0,2 ха |
| 3 | Кавадаречки дол | Fсл. = 121.0 ха<br>L = 2500.0 m | 10 | 2 улици<br>Подземниот одвод | 0,2 ха |
| 6 | Калнички дол | Fсл. = 134.0 ха<br>L = 840.0 m | 10 | 1 улица | 0,2 ха |

| **Ред. Бр.** | **Река-опсег на поплавата** | **Населено место** | **Земјиште** |
|---|---|---|---|
| 2 | Река Луда мара | -Марена | 20 ха |
| 4 | Овчка река | -Марена | 20 ха |

Член 4

Потребни активности за поројниците Желков дол, Кавадаречки дол и Калнички дол и речните корита на рекаta Луда Мара и Овчка река со изработена пресметка:

ПОРОЈНИЦИ:

- ЖЕЛКОВ ДОЛ

Машински ископ на земја од III категорија со утовар и транспорт до 5 км

200 м[1] x 10 м[1] x 0,20 м[1] = 400 м$^3$ x 250 ден = **100.000,00 ден**

- КАВАДАРЕЧКИ ДОЛ

Машински ископ на земја од III категорија со утовар и транспорт до 3 км

1. Поплочен дел - 700 $м^1$ x 12 $м^1$ x 0,10 $м^1$ = 840 $м^3$ x 220 ден = 184.800,00 ден.
2. Земјен дел - 200 $м^1$ x 12 $м^1$ x 0,50 $м^1$ = 1200 $м^3$ x 220 ден = 264.000,00 ден

**ВКУПНО = 448.800,00 ден**

- КАЛНИЧКИ ДОЛ

  Машински ископ на земја од III категорија со утовар и транспорт до 5 км

  200 $м^1$ x 10 $м^1$ x 0,5 $м^1$ = 1000 $м^3$ x 250 ден = **250.000,00 ден**

РЕКИ:

- ЛУДА МАРА

  Машински ископ на земја од III категорија со утовар и транспорт до 10 км

  200 $м^1$ x 15 $м^1$ x 0,20 $м^1$ = 600 $м^3$ x 300 ден = **180.000,00 ден**

- ОВЧКА РЕКА

  Машински ископ на земја од III категорија со отфрлање до 10 $м^1$.

  200 $м^1$ x 10 $м^1$ x 1,0 $м^1$ = 2000 $м^3$ x 180 ден = **360.000,00 ден**

---

**ВКУПНО = 1.338.800,00 ден**

**18% ддв = 240.984,00 ден**

---

**= 1.579.784,00 ден**

Член 5

Средствата за финансирање на предвидените активности во рамкина оваа Програма во вредност од **1.579.784,00 ден** денари ќе бидат обезбедени од апликациите на фондовите на Министерство за Земјоделство, Шумарство и Водостопанство Министерство за животна средина и просторно планирање, наменети за финансирање за обие и слични автивности во локалните самоурави.

Член 6

Програмата влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Кавадарци "

**Бр.08-821/2** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**09.02.2022 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20 и 75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на**
**Програма за дефинирање граници на ерозивни подрачја на територијата на Општина Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Програмата за дефинирање граници на ерозивни подрачја на територијата на Општина Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 09.02.2022 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

| | |
|---|---|
| **Бр.09-1131/3** | **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ** |
| **10.02.2022 година** | **ГРАДОНАЧАЛНИК,** |
| **Кавадарци** | **м-р Митко Јанчев** |

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ бр.05/02), а во врска со член 135, член 136 и 137 од Законот за води („Сл.Весник на РМ„ бр.87/08...52/16 и „Сл.Весник на РСМ„ бр.151/21), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 7-та седница одржана на ден 09.02.2022 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за дефинирање граници на ерозивни подрачја на територијата на Општина Кавадарци**

Подрачјето на општината располага со задоволителни водени ресурси подземни, површински и атмосверски. Хидрогравската мрежа ја сочинуваат реките, езерата и каналската мрежа. Позначајни реки кои располагаат со поголем воден потенцијал се Црна река ,Бошавица, Раечка, Дошница и Луда Мара и истите припаѓаат на сливното подрачје на река Вардар. Покрај овие поголеми реки постојат и помали реки кои имаат воден потенцијал во текот на целата година и тоа: Радњанска, Бохулска, Ништаица, Стара река, Жарница, Мрежичка, Прашн-ичка, Мајданска, Дабов дол, Блашница, Сушица, Драчевска, Каменица, Дреновица, Праведничка, Дабнишка, Радобилска и др.

Исто така постојат поголем број на доловии суводолици кои располагаат со воден потенцијал во текот на целата година или повремено.

За снабдување на населенитето каптирани се повеќе извори со поголем капацитет а најзначаен извор е Лукар (Косматец 1 и Косматец 2 и захватот Стара река) кој се наоѓа на планината Кожуф. Хидролошките карактеристики се поволни поради обилните врнежи од дожд и снег и поголем број на извори кои располагаат со воден потенцијал во текот на целата година.

На подрачјето на општината изградено е едно од поголемите вештачки езера на акумулацијата Тиквеш со вкупен капацитет од 475 милиони $m^3$ вода.и помали акумулации како што се брана Моклиште, акумулација Витачево и акумулација Ржаново. Во 1957 година со рушење и лизгање на околните ридови создадена е природната акумулација градот место Моклиште со вкупен капацитет од 300 000 $m^3$.

Во населените места и градот изградени се голем број на бунари за вода, артериски бунари и природни чешми кои се користат за снабдување на населението со вода за пиење. За развиената хидрогравска мрежа придонесува и изградената и распространета каналска мрежа (магистрални во должина од 167 km и локални канали). Исто така изграден е канал систем Бошава (затворен во должина од 40 km). За подобрување на хидролошките состојби и карактеристики значајни се регионалниот водовод Лукар во должина од 32 km и развиената водоводна мрежа во градот и населените места со должина од 153 290 m/L, со годишна дистрибуција на вода 7 200 000 m3 за населението и новиот водовод од Бунарска река во должина од 9 km со капацитет од 200 l/sek.

Од особенио значење се изворите за производство на газирана и негазирана минерална вода Горска Конопиште годишна испорака на 30 000 000 литри вода и Кожувчанка с.Мрежичко од кои во кризни ситуации може да се обезбеди вода за пиење за населението во загрозеното подрачје.

**Потенцијални извори на загрозување – опасности од поплави, кои можат да предизвикаат одредено загрозување на безбедноста на подрачјето на општината Кавадарци**

Подрачјето на општината Кавадарци може да биде загрозено од:
- поплава од излевање на реките
- поплава од излевање на порои, долови и др.
- поплава од оштетување, рушење или прелевање на браната на акумулацијата „Тиквеш“ и акумулацијата Моклиште „Градот“.

Браната на акумулацијата „Тиквеш“ е изградена во 1968 година, а реновирана во 1982 година. Таа е камено насипна со глинено јадро. Минимална кота 233 мнв, должина на акумулацијата 28,5 km, површина на акумулацијата 883 ха, со капацитет од 475 000 000 $m^3$ вода.

При целосно оштетување на браната на акумулацијата „Тиквеш“ поплавниот бран би бил со висина од 48 м и би пристигнал во село Возарци за 2 минути а во село Шивец поплавниот бран со висина од 41 м би пристигнал за 7 минути.

Потенцијални извори за настанување на поплави се следните: обилните врнежи на дожд , нагло топење на снег, излевањето на водите од коритата на реките и пороите, неисчистените речни корита и одводни канали, оштетување на заштитните појаси-насипи на реките како и оштетување и прелевање на браната на акумулацијата Тиквеш и браната на акумулацијата Моклиште „Градот“. Опасност од поплава може да предизвикаат реките Бошавица, Луда Мара, Црна река, Овчка река, Раечка река како и порои, долови и суводолици.

Подрачјето на општина Кавадарци е загрозено од поплави во пролетните и летните месеци од Март до Април кога доаѓа до зголемување на температурите и топење на снеговите од планинските масиви. На опасноста од поплавување загрозени се атарите на селата Конопиште, Долна Бошава, Крњево, Возарци, Шивец, Ваташа, Глишиќ, Марена и Сопот. Во градот Кавадарци загрозен е делот по течението на река Луда Мара.

Во наредните слики се прикажани сливните подрачја на градот Кавадарци, течението на река Луда Мара и неговите суводолици како и околните села на општина Кавадарци.




- На слииката се прикажани границите на ерозивното подрачје и подрачијето загрозено од ерозија




Топографска и хидрографска карта на општина Кавадарци како и течението на река Луда мара и Црна Река.



Релјефна структура на подрачјето на општина Кавадарци како и Моклишко езеро.

**Преглед на долови и поројници кои се влеваат во урбаниот дел на течението на река Луда Мара**

| Ред бр | Дол или поројница | Површина и должина на долот | Загрозеност | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Објекти | Инфраструктура | Земјиште |
| 1 | Безимен дол кај Ваташа (бел камен) | Fсл. = 45.0 ха<br>L = 370.0 m | 5 | 1 улица | 0,1 ха |
| 2 | Желков дол | Fсл. = 89.0 ха<br>L = 1500.0 m | 10 | 2 улици<br>1 мост | 0,2 ха |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3 | Кавадаречки дол | Fсл. = 121.0 ха<br>L = 2500.0 m | 10 | 2 улици<br>Подземниот одвод | 0,2 ха |
| 4 | Меснос „УШИ“<br>Меснос „Вршникот“ | Fсл. = 162.0 ха<br>L = 4100.0 m | 15 | 1 улица | 0,3 ха |
| 5 | Журов дол | Fсл. = 61.0 ха<br>L = 760.0 m | 3 | | 0,2 ха |
| 6 | Калнички дол | Fсл. = 134.0 ха<br>L = 840.0 m | 10 | 1 улица | 0,2 ха |
| 7 | Димков дол | Fсл. = 59.0 ха<br>L = 2110.0 m | / | / | 0,2 ха |
| 8 | Дисански пат | Fсл. = 64.0 ха<br>L = 2400.0 m | / | / | 0,1 ха |
| 9 | Думовички дол | Fсл. = 55.0 ха<br>L = 2800.0 m | 5 | 2 улици | 0,2 ха |
| 10 | Глишиќ | Fсл. = 9.0 ха<br>L = 1500.0 m | 5 | 2 улици | 0,1 ха |




**Преглед на долови и поројници кои се влеваат во урбаниот дел на течението на река Луда Мара**

## МЕРКИ

Уредувањето на поројниците е една од поважните превентивни мерки за заштита од ерозија. Уредувањето на поројниците се состои во тоа што по должината на истиот се градат прагови и прегради кои ја намалуваат брзината на движење и ударната моќ на водата која се собира во нив од обилните врнежи. При нивното уредување во долните делови односно пред нивното влевање во реките или во атмосверските канализации се градат и таложници кои ги прифаќаат сите крупни материи кои ги носи самиот порој (гранки, камен, земја и др.). Како уредувачка мерка на поројниците се и шумско мелиоративните мерки како пошумувањето на целото сливно подрачје односно поројница, со тоа количеството на вода кое би паднало на таа површина во голема мера ќе се впие во почвата а останатиот дел со многу мала брзина би се слевал по поројницата. Пошумувањето како мерка треба да се применува на сите потецијални ерозивни подрачја и голини. Како видови кои се испитани и најпогодни за такви терени а се и автохтони се следните: *Rubinia Pseudoakacia* – Багрем, *Salix Alba* - Врба, *Fraxsinus excelsior* – Јасен, *Ulmus Effusa* – Брест како и разни видови на грмушки кои успеваат на овие терени

- При изградба и реконструкција на хидроградежни објекти и ифраструктура доследна примена на прописите за урбанизам.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмата влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Кавадарци "

**Бр.08-821/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**09.02.2022 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20 и 75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на**
**План за пошумување 2022-2025**

1. СЕ ОБЈАВУВА План за пошумување 2022-2025, донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 09.02.2022 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци,, .

**Бр.09-1131/4** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**10.02.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ бр.05/02), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 7-та седница одржана на ден 09.02.2022 година, донесе

## План за пошумување 2022-2025

Со овој план ќе бидат опфатени повеќе површини во Општина Кавадарци како што се: долови односно поројници кои се слеваат во градското подрачје, ерозивни терени, голини и други површини на подрачјето на општината.

Општина Кавадарци има 10 долови кои се со сливни подрачја од над 45 ха површина, дел од нив се доста стрми оголени и се склони на ерозија од пообилни врнежи од дожд, истите се влеваат во река Луда Мара и се потенцијална опасност од поплави покрај течението на реката.

**Преглед на долови и поројници кои се влеваат во урбаниот дел на течението на река Луда Мара**

| Ред бр | Дол или поројница | Површина и должина на долот | Загрозеност | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Објекти | Инфраструктура | Земјиште |
| 1 | Безимен дол кај Ваташа (бел камен) | Fсл. = 45.0 ха<br>L = 370.0 m | 5 | 1 улица | 0,1 ха |
| 2 | Желков дол | Fсл. = 89.0 ха<br>L = 1500.0 m | 10 | 2 улици<br>1 мост | 0,2 ха |
| 3 | Кавадаречки дол | Fсл. = 121.0 ха<br>L = 2500.0 m | 10 | 2 улици<br>Подземниот одвод | 0,2 ха |
| 4 | Месност „УШИ“<br>Месност „Вршникот“ | Fсл. = 162.0 ха<br>L = 4100.0 m | 15 | 1 улица | 0,3 ха |
| 5 | Журов дол | Fсл. = 61.0 ха<br>L = 760.0 m | 3 | | 0,2 ха |
| 6 | Калнички дол | Fсл. = 134.0 ха<br>L = 840.0 m | 10 | 1 улица | 0,2 ха |
| 7 | Димков дол | Fсл. = 59.0 ха<br>L = 2110.0 m | / | / | 0,2 ха |
| 8 | Дисански пат | Fсл. = 64.0 ха<br>L = 2400.0 m | / | / | 0,1 ха |
| 9 | Думовички дол | Fсл. = 55.0 ха<br>L = 2800.0 m | 5 | 2 улици | 0,2 ха |
| 10 | Глишиќ | Fсл. = 9.0 ха<br>L = 1500.0 m | 5 | 2 улици | 0,1 ха |

Затоа се предлага во наредните неколку години да се изврши пролетно и есенско пошумување на горенаведенит долови со вкупна површина од 18 ха и тоа со следниот редослед:

- Доврвшување со пошумување на **Журов дол**, уште 4 ха со 16.000 садници од Чемпрес по 15 денари, вкупно 240.000,00 денари.
- Пошумување на **Калнички дол**, површина од 4 ха со 16.000 садници од Јасен од 15 денари, вкупно 240.000,00 денари.
- Пошумување на **Глишички рид**, 6 ха со 24.000 садници од Чемпрес од 15 денари, вкупно 360.000,00 денари.
- Пошумување на безимен дол односно **Добров дол**, 2 ха со 8.000 садници од Чемпрес од 15 денари по садница а вкупно 120.000,00 денари.
- Пошумување на **Думовички дол**, 2 ха со 12.000 садници од Багрем од 15 денари по садница а вкупно 180.000,00 денари.

Останатите се во добра кондиција односно има вегетација и со пошумување ќе бидат опфатени во наредните години по завршувањето со пошумување на горенаведените долови.

Како видови кои се испитани и најпогодни за такви терени а се и автохтони се следните: Rubinia Pseudoakacia – Багрем, Fraxsinus excelsior – Јасен, Ulmus Effusa – Брест и алохтон од Родот на Cupressus L. – чемпреси.

Пошумувањето на наведените долови е планирано да се изведе со заеднички акции организирани од Локална Самоуправа Кавадарци и ЈП Македонски Шуми – подружница БОР Кавадарци, а во кои ќе бидат вклучени и Јавните предпријатија од општината како и приватниот сектор од градот, невладините организации и средното шумарско училиште од шумарската струка. За сите **72.000 садници** што треба да се посадат потребно е **1.080.000,00 денари** за набавка на истите.

## Оперативен План

| | **Пролетно пошумување кое ќе се одвива во Март и Април** | **Есенско пошумување кое ќе се одвива во Ноември** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **2022 год** | 2 ха Калнички дол со Јасен, пошумувањето ќе се одвива 10 дена со по 90 лица. | 2 ха Журов Дол со Чемпрес, пошумувањето ќе се одвива 10 дена со по 90 лица. | 4 ха 16.000 садници |
| **2023 год** | 2 ха Добров дол со Чемпрес, пошумувањето ќе се одвива 10 дена со по 90 лица. | 3 ха Глишички рид со Чемпрес, пошумувањето ќе се одвива 10 дена со по 90 лица. | 5 ха 20.000 садници |
| **2024 год** | 2 ха Думовички дол со Багрем, пошумувањето ќе се одвива 10 дена со по 90 лица. | 3 ха Глишички рид со Чемпрес, пошумувањето ќе се одвива 10 дена со по 90 лица. | 5 ха 20.000 садници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **2025 год** | 2 ха Калнички дол со Јасен, пошумувањето ќе се одвива 10 дена со по 90 лица. | 2 ха Журов Дол со Чемпрес, пошумувањето ќе се одвива 10 дена со по 90 лица. | 4 ха 16.000 садници |
| **Вкупно** | 8 ха со 32.000 садници | 10 ха со 40.000 садници | **18 ха со 72.000 садници** |

Чемпрес – 12 ха или 48.000 садници
Јасен – 4 ха или 16.000 садници
Багрем – 2 ха или 8.000 садници

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Планот влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Кавадарци “

**Бр.08-821/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**09.02.2022 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20 и 75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на**
**Заклучок за усвојување на Годишниот Извештај за состојбата со животната средина за 2021 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Заклучок за усвојување на Годишниот Извештај за состојбата со животната средина за 2021 година, донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 09.02.2022 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кавадарци,, .

**Бр.09-1131/5** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**10.02.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (”Сл.весник на РМ“ бр.05/02), член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци(„Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/05...75/21), расправајќи по Годишниот Извештај за состојбата со животната средина за 2021 година,

Советот на Општина Кавадарци на 7-та седница одржана на ден 09.02.2022 година, донесе

З А К Л У Ч О К

1. СЕ УСВОЈУВА Годишниот Извештај за состојбата со животната средина за 2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на на донесувањето, во “Службен гласник на Општина Кавадарци“ .

**Бр.08-821/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**09.02.2022 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20 и 75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

РЕШЕНИЕ
**за објавување на**
**Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 09.02.2022 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-1131/6** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**10.02.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ" бр.5/2002), а во врска со член 10 став 4 одЗаконотза постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија"бр.23/11, ........ бр.190/17 и („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.174/2021) член 132 став 1 од Статутот наОпштина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 7-та седница одржана на ден 09.02.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат**

**Член 1**

Се утврдува потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат,со што ќе се изврши документирање на состојбата која е утврдена на лице место, за следните барања:

1. Барање бр.15-499од 12.02.2016год. на барателот Илија Колев од Кавадарци со стан на ул„Фруса Чедомирова„бр.5,за утврдување на правен статус на бесправен објект,
   - Деловен простор и гаража ,зграда бр.1и зграда бр.2 изграден во мв„Прогонот„на КП бр.534КО Глишиќ.
2. Барање бр.15-104од 21.03.2018год. на барателотСашко Бошевски од Кавадарци со стан на ул„Бел Камен„бр.13,за утврдување на правен статус на бесправен објект,
   - Викенд куќа, зграда бр.1 изграден во мв„Косовец„ на КП бр.1949КО Дреново.
3. Барање бр.15-123 од 29.03.2016год. на барателот Милица Цветкова од Кавадарци со стан на ул„22-ри Декември„бр.17,за утврдување на правен статус на бесправен објект,
   - Викенд куќа, зграда бр.1 изграден во мв„Црните камења„ на КП бр.530 КО Брушани.
4. Барање бр.14-5357 од 31.08.2011год. на барателот Ангелчо Јованов од Росоман со стан на ул„11 ти октомври„бр.1,за утврдување на правен статус на бесправен објект,

- Викенд куќа, зграда бр.1 изграден во мв„Извор„ на КП бр.62 КО Праведник.

5.Барање бр.15-620 од 19.12.2018год. на барателот Љупчо Апостолов од Кавадарци, со стан на ул„Игман„бр.38за утврдување на правен статус на бесправен објект,

- Викенд куќа, зграда бр.1 изграден во мв„Валашко„ на КП бр.346 и 348 КО Раец.

6.Барање бр.15-1343 од 30.03.2016год. на барателот Роберт Лазароски од Кавадарци со стан на ул„Смилица„бр.33,за утврдување на правен статус на бесправен објект,

- Други објекти од лесна и незагадувачка индустрија , зграда бр.1 изграден во мв„Долни лаки„ на КП бр.391/1 КО Марена

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци"

**Бр.08-821/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**09.02.2022 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20 и 75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на**
**Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.20/21 поведен пред Основен суд Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.20/21 поведен пред Основен суд Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 09.02.2022 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-1131/7** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**10.02.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/05....... 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 7-тата седница одржана на ден 09.02.2022 година, донесе ,

**О Д Л У К А**

**за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.20/21 поведен пред Основен суд Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.20/21, поведен пред Основен суд Кавадарци.

**ПРЕДМЕТ НА СПОГОДБАТА**

1.Предмет на оваа Судска Спогодба е регулирање на меѓусебните односи помеѓу спогодбените страни кои произлегуваат од поведен судски предмет пред Основен суд Кавадарци ВПП.бр.20/21 за определување на правичен паричен надоместок за експроприрано земјиште новоформираната кп.бр.4173/12 во површина од 53 м2 во м.в.„Ристо Цондев” која претставува дел од кп.бр.4173/7 во КО Ваташа по Имотен лист бр.2735 со право на сопственост на Стојанов Блажо од с.Дабниште, заради градење на дел од улица „Фуштани“ и ул.„Моклишка“ предвидена по ДУП за УБ „Трибор“ 2004-2009 Кавадарци, согласно Решение за експропријација Екс.бр.25-218 од 04.03.2021 година донесено од страна на Министерството за финансии – Подрачно одделение за првостепена управна постапка во Кавадарци, по претходно изготвен Геодетски елаборат за геодетски работи со посебни намени за реализација на урбанистички планови и урбанистичко планска документација КО Ваташа со деловоден бр.0802-245 од 20.08.2019 година изработен од ТДГР „ГЕОДЕТСКИ ПРЕМЕР” ДООЕЛ Кавадарци,чиј инвеститор е Општина Кавадарци - Локална Самоуправа.

2.Страните на Судската Спогодба се согласни за експроприраното земјиште од точка 1 на оваа спогодба предлагачот – Општина Кавадарци – Локална самоуправа на име правичен паричен надомест да му исплати на противникот Стојанов Блажо од с.Дабниште, износ од 1.160 ден./м2 односно за површинаа од 53 м2 надоместок во вкупен износ од 61.480,00 денари, како и надомест на штета за армирано бетонски столб кој што треба да биде рушен за реализација на целта на експропријацијата, во висина од 12.500,00 денари. како и процесни трошоци во износ од 21.840 денари согласно доставен трошковник.

3. Противникот е согласен надоместокот за експроприраното земјиште и штетата за армирано бетонскиот столб во вкупен износ од 73.980,00 денари предлагачот Општина Кавадарци - Локална самоуправа да го плати во рок од 30 дена од денот на потпишувањето на Судската Спогодба на трансакциската сметка на противникот а процесните трошоци во износ од 21.840,00 предлагачот Општина Кавадарци - Локална самоуправа да ги плати во истиот рок, на трансаката сметка на полномошникот на противникот.

4. Оваа Судска Спогодба го опфаќа целиот предмет на спорот опфатен во предметот кој пред овој суд се води под ВПП.бр.20/21.

5.Со потпишувањето на оваа Спогодба, спогодбените страни изјавуваат дека ја прифаќаат нејзината содржина и правата и обврските кои произлегуваат од неа.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-821/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**09.02.2022 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20 и 75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на**
**Одлука за примање донација (извршување на градежни работи на патот с.Ресава до Тиквешко Езеро) од Друштво за производство, трговија и услуги "КОЖУВЧАНКА" ДОО увоз-извоз Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за примање донација (извршување на градежни работи на патот с.Ресава до Тиквешко Езеро) од Друштво за производство, трговија и услуги "КОЖУВЧАНКА" ДОО увоз-извоз Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 09.02.2022 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци,, .

**Бр.09-1131/8** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**10.02.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ„ бр.05/2002), а во врска со член 4 - 11 од Законот за донации и спонзорства („Сл.весник на РМ„ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.Гласник на РМ„ бр.05/02.....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 7-та седница, одржана на ден 09.02.2022 година, донесе,

**О Д Л У К А**
**за примање донација (извршување на градежни работи на патот с.Ресава до Тиквешко Езеро) од Друштво за производство, трговија и услуги “КОЖУВЧАНКА” ДОО увоз-извоз Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Кавадарци прима донација извршување на градежни работи и тоа тампонирање на патот од с.Ресава до Тиквешко езеро во вредност од 278.000, оо денари со вклучен ДДВ, од страна на давателот на донацијата Друштво за производство, трговија и услуги “КОЖУВЧАНКА” ДОО увоз-извоз Кавадарци, со цел за остварување, унапредување, промоција и поддршка на дејностите од јавен интерес и тоа од обласга на комуналните дејности, за изградба, одржување, реконструкција и заштита на локалните патишта, согласно член 22 ст.1 т.4 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/02).

**Член 2**

Вредноста на донација е утврдена на вкупен износ од **278.000,00 денари со вклучен ДДВ.**

**Член 3**

Со цел регулирање на меѓусебните права и обврски, а во врска со примањето на донацијата од член 1, советот на Општина Кавадарци ги овластува членовите на совет Тони Нешковски и Јован Златевски како приматели на донацијата да склучат Договор за донација со давателот на донацијата.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Кавадарци“.

**Бр.08-821/8** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**09.02.2022 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20 и 75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на**
**Одлука за сопствено учество на општина Кавадарци-Локална самоуправа, во реализација на проектот „Воспоставување на Советувалишен центар за помош и поддршка на жртви на родово базирано и семејно насилство"**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за сопствено учество на општина Кавадарци-Локална самоуправа, во реализација на проектот „Воспоставување на Советувалишен центар за помош и поддршка на жртви на родово базирано и семејно насилство", донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 09.02.2022 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци,, .

**Бр.09-1131/9** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**10.02.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.Весник на РМ" бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци ("Сл.гласник на општина Кавадарци" бр.8/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 7-та седница, одржана на ден 09.02.2022 година, донесе,

**О Д Л У К А**
**За сопствено учество на општина Кавадарци-Локална самоуправа, во реализација на проектот „Воспоставување на Советувалишен центар за помош и поддршка на жртви на родово базирано и семејно насилство"**

**Член 1**

Општина Кавадарци Локална самоуправа учествува со сопствени средства во реализација на проектот „Воспоставување на Советувалишен центар за помош и поддршка на жртви на родово базирано и семејно насилство"

**Член 2**

Вкупната вредност на Проектот е 1.358.000,00 денари со вклучен ДДВ. Средствата во износ од 794.190,00 се учество на општина Кавадарци, а останатите

средства во висина од 563.810,00 денари се учество од партнерските општини Неготино, Росоман и Демир Капија.

**Член 3**

Финансиските средства за учество на општина Кавадарци, од член 2 ќе се обезбедат од Буџетот на општина Кавадарци за 2022 година.

**Член 4**

Проектот опфаќа воспоставување на Советувалишен центар со цел да се подобри пристапот до специјализирани сервиси за жени и деца жртви на родово базирано и семејно насилство на локално/регионално ниво.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Кавадарци".

**Бр.08-821/9** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**09.02.2022 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20 и 75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

РЕШЕНИЕ
**за објавување на**
**Одлука за одобрување финансиски средства**
**од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 09.02.2022 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-1131/10** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**10.02.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/2002),Записник од Комисија за финансии и буџет бр.08-982/2 од 09.02.2022година, а во врска со Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на социјална заштита за 2022 година („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.5/21),Правилникот за условите, критериумите и постапката за доделување на еднократна парична помош на физички лица бр.08-2068/1 од 29.04.2011 година, бр.08-326/8 од 31.01.20119 година и бр.11-1798/1 од 30.03.2018 година член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 7-та седница, одржана на ден 09.02.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За одобрување финансиски средства**
**од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година**

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци одобрува финансиски средства во вкупен износ од 30.000 денари на Биљана Капетановска ул.„Беласица„ бр.1-3 од Кавадарци, за лекување.

Член 2

Финансиските средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се издвојат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година на Биљана Капетановска на следната трансакциона сметка:

-200003295866574 депонент Стопанска Банка .

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-821/10** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**09.02.2022 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**